**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОГРАМА

# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Мај 2024 година, Скопје

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија" број 85/2007, 161/2008, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19 и 103/21), член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/2008, 119/10 и 23/13 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19) а во врска со член 2 став 1 од Меморандумот за разбирање меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Фондацијата за демократија Вестминстер и Министерството за надворешни работи и развој на Британскиот комонвелт,бр.08-6223/1 од 28.11.2023 година, Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2024 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа програма се уредува потребата од ангажирање на волонтери во Собранието на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст: Собранието) за 2024 година, начинот и постапката на обезбедување на волонтери, бројот, потребните квалификации на кандидатите, изборот, времетраењето на волонтерскиот ангажман, условите и начинот на вршење на волонтерските услуги и престанокот на волонтерската работа.

## Член 2

Собранието заради активно вклучување на граѓаните во институциите на системот на државата за 2024 година организира волонтерска работа, за лицата од членот 3 на оваа програма, кои на доброволна основа преку свои лични услуги, знаења и вештини, со практична работа ќе се запознаат и директно ќе учествуваат во работниот процес и активностите на Собранието и преку реализација на обуки ќе имаат можност да се стекнат со дополнителни знаења за надлежностите и работата на Собранието.

## Член 3

Собранието како организатор на волонтерска работа за остварување на целите од членот 2 на оваа програма утврди потреба од ангажирање на најмногу 20 волонтери.

Волонтерите од ставот 1 на овој член може да бидат лица кои имаат завршено:

а) најмалку високо образование (прв циклус студии) или
б) да се студенти во завршна година на студирање на прв циклус студии.

## Член 4

Волонтерите во Службата на Собранието се ангажираат за период од 6 (шест) месеци.

Член 5

Заинтересираните лица, кои ги исполнуваат условите од членот 3 на оваа програма и кои на доброволна основа ќе даваат свои услуги, вештини и знаења во корист на Собранието, преку јавен повик објавен на веб- страницата на Собранието може да аплицираат за волонтирање во Собранието за 2024 година.

Во јавниот повик од ставот 1 на овој член се определуваат критериумите, условите и рокот за пријавување.

Формата и содржината на пријавата од јавниот повик се објавува на веб - страницата на Собранието.

Член 6

Генералниот секретар на Собранието во рок од 7 дена од денот на објавувањето на јавниот повик формира Комисија за селекција и избор на волонтери во Собранието за 2024 година.

Комисијата за селекција и избор на волонтери е составена од 3 (три) члена, кои се од редот на Службата на Собранието.

Комисијата од ставот 2 на овој член ќе изврши селекција на пријавените кандидати, ќе спроведе интервју и ќе предложи ангажирање на волонтери врз основа на критериумите и потребите на Собранието до Генералниот секретар на Собранието.

Член 7

Со цел да се обезбеди квалитетот на давањето на услугата при волонтирањето, Собранието како организатор на волонтерската работа за време на периодот на волонтирање, на волонтерот му обезбедува и соодветна обука.

Содржината на обуката подетално е регулирана во Прилог бр.1, кој е составен дел на оваа програма.

Член 8

Собранието како организатор на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

Член 9

Волонтерот за давањето на услугите, знаењето и вештините за работи од надлежност на Собранието има право на надоместок на трошоците за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето, најмногу во висина од 15% од просечната исплатена месечна плата во Републиката исплатена во претходната година и трошоците за службени патувања

и трошоци за обука доколку за тоа има потреба, во иста висина како и за вработените во Собранието

Член 10

Односите помеѓу Собранието, како организатор на волонтерската работа,Фондацијата за демократија на Вестминстер како имплементатор на проектот "Практикувај демократија" со поддршка од Британска амбасада во Скопје за кој е склучен меморандум за разбирање бр.08-6223/1 од 28.11.2023 година и волонтерите се уредуваат со склучување на договор во писмена форма.

Договорот за волонтерство ги содржи следниве елементи:

1) податоци за договорните страни: адреса, назив и седиште на организаторот на волонтерската работа; адреса, назив и седиште на имплементаторот на проектот - Фондацијата за демократија на Вестминстер, име и презиме на волонтерот, адреса на живеалиште односно на престојувалиште на волонтерот;

2) предмет на договорот;

3) место на волонтирање;

4) времетраењето на волонтирањето;

5) мегусебните права и обврски на договорните страни;

6) висина на надоместок на трошоците за храна и превоз и начин на исплата на истиот;

7)датум и место на склучување на договорот.

Член 11

Договорот за волонтерство од членот 10 на ова програма престанува:

1) со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот;

2) со спогодбено раскинување;

3) со денот на правосилна одлука за одземање на деловна способност на волонтерот.

Собранието може да го раскине договорот за волонтерство:

4) со престанување на потребата за волонтирање;

5) кога се констатира дека волонтерот не ги исполнува договорените обврски;

6) во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделни облици на волонтирање.

Волонтерот може да го раскине договорот пред истекот на времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на организаторот на волонтерската работа или на трети лица.

Организаторот на волонтерската работа, може да го раскине договорот за волонтерство: - со престанување на потребата за волонтирање, - кога не е во можност да ги обезбеди условите за волонтирање, - кога ќе констатира дека волонтерот не ги исполнува

договорените обврски и - во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделни облици на волонтирање.

Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од 5 (пет) дена пред да го раскине договорот.

Член 12

За волонтерската работа за сите волонтери Собранието води евиденција.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член се води согласно Правилникот за начинот на водење на евиденција на волонтерската работа, донесен од Министерот за труд и социјална политика.

Член 13

За завршена волонтерска работа на волонтерот му се издава волонтерска книшка.

Во волонтерската книшка се опишуваат работите што ги вршел волонтерот и периодот во кој ги извршувал тие работи.

Член 14

За завршеното волонтирање во Собранието за 2024 година, на волонтерот од страна на Собранието му се издава и сертификат.

Член 15

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб - страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

Број 02-2680/1
29.05. 2024 година
Скопје

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Прилог бр.1**

Собранието како организатор на волонтерската работа на волонтерот му обезбедува соодветна обука за време на периодот на волонтирање.

Обуката на волонтерите се состои од три дела:
I. Општ дел
II. Посебен дел и
III. Специјализирани обуки

## I. Општ дел

Во рамките на општиот дел се организира Воведна собраниска академија која овозможува волонтерите да добијат основни знаења за улогата, составот и функционирањето на Собранието.

Во Воведната собраниска академија се реализираат предавања и сесии со собраниското раководство, пратеници, поранешни собраниски претседатели, поранешни пратеници, поранешни генерални секретари, вработени во Собраниската служба, поранешни волонтери/практиканти во Собранието и други лица преку кои волонтерите стекнуваат основни и општи знаења за Собранието.

Општиот дел од обуката опфаќа и запознавање со основните информации за: влегувањето во зградата на Собранието, работното време и евиденцијата на работното време на волонтерите, начинот на облекување и присуството на седници.

## II. Посебен дел

Посебниот дел на обуката подетално ги разработува теоретските прашања поврзани со областа Политички систем и со областа Собрание.

**Првата област - Политички систем,** ги вклучува следниве теми:

1) Дефинирање на поимот политички систем и анализа на различни типови на политички системи;

2)Поделба на власта и дефинирање на улогата на парламентите во демократските општества;

3)Избори и изборни системи;

4)Политички партии и партиски системи;

5)Дефинирање на поимот идеологија и разгледување на вредностите на различни идеологии;

6)Други теми од областа Политички систем за кои ќе се утврди дека се корисни за спроведување на волонтерската работа.

**Втората област - Собрание на Република Северна Македонија** ги разработи следниве теми:

1)Уставно-правна историја на Република Северна Македонија;

2) Специфики на политичкиот систем на Република Северна Македонија;
3) Положба на Собранието;
4)Состав на Собранието;
5)Надлежности на Собранието;
6)Права на пратениците;
7)Организација на Собранието (седници, работни тела, пратенички групи и функционери);
8)Законодавна постапка;
9)Подготовка на закон, барање за давање на автентично толкување
10)Подготовка на дополнет предлог на закон
11)Подготовка на пречистен текст на закон
12)Јавни расправи/дискусии и Надзорна расправа
13)Симулација на надзорна расправа (со поделба на улоги на волонтерите)
14)Организација и работа на Собраниската служба;
15)Други теми од областа Собрание на Република Северна Македонија за кои ќе се утврди дека се корисни за спроведување на волонтерската работа.

### III. Специјализирани обуки

Специјализираните обуки се организираат по потреба и истите имаат за цел да придонесат волонтерите подобро да ги извршуваат зададените задачи во рамки на Собранието, но и да придонесат кон нивен личен и професионален развој. Во таа насока, во рамките на специјализираните обуки може да се организираат посебни сесии посветени на:

1)Номотехника;
2)Лидерски способности;
3)Организациски вештини;
4)Ефективна комуникација (од јавно говорење до деловна комуникација);
5)Пишување говори;
6)Методологија за истражување и пишување правни, политички и економски анализи;
7)Буџетски прашања (Буџетски циклус);
8)Внатрешна ревизија;
9)Други обуки за кои ќе биде утврдено дека има потреба да бидат реализирани.